Јавно претпријатие за комунално-
производствени работи
"ИСАР" П.О
Бр. 02-192/2
25·02 20 19од.
ШТИП

# ИЗВЕШТАЈ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП ИСАР ШТИП ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2018 ДО 31.12.2018

Надзорниот одбор изврши увид во извештајот кој е составен врз база на бруто билансот за овој период, и е изготвен биланс на успех, со кој се констатира следново:

## 1.ПРИХОДИ

***Приходи од продажба и услуги:***

| | 2017 | 2018 |
|---|---|---|
| 1.Приходи од продажба | 220.275.397 | 222.475.164 |
| 2.Приходи од наемнини | 815.421 | 871.429 |
| **Вкупно:** | **221.090.818** | **223.346.593** |

Приходите од продажбата ги опфаќа:приходите од продажба на вода, приходи од канализација, приходи од смет, приходи од договор за погреб, приходи од пазарна такса и резевации на тезги, приходи од зеленило, приходи од билети бања, приходи од ноќевања, приходи од продажба на стока и матерјали, и во овој период има **зголемување** на приходите во однос на истиот период од 2017 год за 1%. Приходот од наемнина бележи намалување од 2% кое е резултат на тоа што е изменет начинот на закуп на пазаришни тезги. Кај приходот од вода има намалување од 4,15% и е резултат во најголем дел на намалената цена на вода и намалени количини на испорачана вода, кај приходите од смет се бележи зголемување на приходите од 5,98% и е резултат на утврдување на точна квадратура на должниците. Ставката приходи од уништување на смет има намалување од 28%. Во однос на приходната страна најзначајно е трикратното зголемување на приходите во однос на 2017г од програмата за водовод и изнесува приход од 10.326.612 денари кое пак е ресулта на зголемените активности односно инвестиции на локалната самоуправа и исполнување на планираното од страна на ЈП Исар. Приходите од билети во бања бележи намалување за 25%, тенденција на намалување во текот на сите квартални извештаи и е резултат на бесплатните услуги на пензионерите. Ставката ноќевања има зголемување од 4,5%. Останатите приходи во оваа група се приходите поврзани со погребалните услуги.

неколкукратно зголемување на трошоците за интелектуални услуги кое е резултат на ангажирање на работници по договор.
При анализата на овие трошоци, надзорниот одбор констатира дека трошоците се значително намалени и значително влијаат на конечниот финансиски резултата на Јавното претпријатие. Надзорниот одбор исто така смета дека во текот на работењето од страна на раководниот тим на ЈП Исар е постапувано согласно забелешките и инструкциите наведени во претходните извештаи, имајќи во предвид дека најмногу забелешки беа наведени токлму во однос на оправданоста на трошоците.

***Останати оперативни трошоци:***

| | 2017 | 2018 |
|---|---|---|
| 1.Амортизација | 13.534.219 | 11.999.964 |
| 2.Набавна вредност бифе | 178.955 | 120.113 |
| 3.Набавна вред.на канти | 322.616 | 192.521 |
| 4.Бруто плати | 120.603.744 | 112.717.810 |
| **Вкупно:** | **134.639.534** | **125.030.408** |

Кај оваа група на трошоци се забележува намалување од однос на претходната година за 7%. Вкупното намалување е резултат на намалувањето кое се бележи на сите овие ставки но значајно е да се истакне намалувањето на ставката бруто плати. Намалувањето е од 6,5% во однос на претходната година е резултат на правилната исплата на работниците т.е намалување на бројот на наградени вработени, прекувремени часови работа за што постојат и забелешки во претхоните извештаии. Значајно е да се напомене дека овој резулата е постигнат и покрај тоа што постоеше оправдано зголемување на платата на една група работници

***Други трошоци од работењето:***

| | 2017 | 2018 |
|---|---|---|
| 1.Други трошоци | 20.363.106 | 17.662.818 |

Во овие трошоци влегуваат трошоците за службено патување, премии за осигурување,банкарски провизии,персонални даноци,трошоци за даноци без право на поврат,судски такси,репрезентации,спонзорства,камати.отпис на побарувања. Кај овие трошоци се забележува намалување од 13% во однос на претходната година. Во оваа група на трошоци позначајни ставки се ставките на трошоци за К-15 во износ од 2.549.821 денари и преставува исплата на обврската за К-15 за 2016 година. Забележливо е намалувањето на трошоците за соопштенија за 25%, намалување на ставката за репрезентација од 65%. Ставката камати овде има зголемување од 488% и е резултат на исплата на изгубениот повекегодишен судски спор и камати кон ЕВН.

На крајот на овој период, ЈП Исар штип го има искажано следниот резултат:

***Останати приходи:***

| | 2017 | 2018 |
|---|---|---|
| 1.Приходи од камати | 3.003.833 | 2.073.573 |
| 2.Вонредни приходи | 758.752 | 5.269.227 |
| Вкупно: | 3.762.585 | 7.342.800 |

Во вонредни приходи спаѓаат приходите од минати години, приходи од наплата на штети од осигурување, приходи од провизии, приходи од наплата на судски такси, нотарски услуги, рефундации од плата и префактурирање на електрична енергија. Од приложеното произлегува дека за овој период има зголемување кај оваа група на вонредните приходи, во однос на истиот период од минатата година за 700% а само кај приходот од камати намалување од 30%.

## 2.РАСХОДИ

Трошоците во билансот на успех кој е прикажан според функција на трошоци и е квалифициран на следниот начин:

***Матерјални трошоци и услуги:***

| | 2017 | 2018 |
|---|---|---|
| 1.Трошоци за метеријали и суровини | 73.261.074 | 63.107.771 |
| 2.Трошоци на услуги | 7.222.113 | 13.980.686 |
| **Вкупно:** | **80.483.187** | **77.088.457** |

Во овие трошоци влегуваат трошоците за потрошени материјали, трошоците за потрошена елек.енергија, трошоците за потрошено гориво, трошоците за резервни авто делови, отписот на ситниот инвентар, транспортните услуги, телефонските услуги, поштарина, инвестиционо одржување, закупнини, трошоци за прекопи и ископи, регистрација на возила, здраствени услуги, и др.

За овој период, а во однос на истиот период од минатата година, трошоците се намалени за 5%. Во овој период водовод работеше на изведба на линија кон населба Балканска, новиот кружен тек на обиколницата. Редовно одржување на водоводната и канализационата мрежа и нови приклучоци. Во РЕ Зеленило се работеше на одржување на спортските терени и градското зеленило и булеварите, пешачка патека покрај река Брегалница и Отиње, повеке паркови површини, оградување на некои, поставување на клупи, одржување на детските игралишта. Кај потрошените материјали се бележи намалување од 14%, кај потрошеното гориво намалување од 30%, потрошена електрична енергија намалување од 6%, потрошени резерни делови намалување од 10% и потрошени авто резервни делови намалување од 17%.

Трошоците во групата на услуги имаат зголемување од 94%. Во оваа група поголеми зголемувања има на трошоците за тековно одржување за 37%, и

| | 2017 | 2018 |
|---|---|---|
| *Вкупни приходи* | *224.853.403* | *230.689.393* |
| *Вкупни трошоц* | *235.485.827* | *219.781.683* |
| *Добивка/Загуба* | *-10.632.424* | *10.907.710* |

***Овој период, ЈП Исар го заврши со ДОБИВКА од 10.907.710 ден.***

Со оглед на горенаведеното надзорниот одбор констатира значително подобрување на финансиска состојба т.е претпријатието 2018 година ја завршува со од искажаната добивка од 10.9 милиони денари за разлика од загубата за 2017г од 10 милиони денари или вкупно позитивен резултат во овој период од над 20 милиони денари.

***Според наше мислење, изготвениот биланс на успех за периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018год. е во согласност со важечките Меѓународни сметковоствени стандарди и прикажаинитe резултати по истиот, се реално искажани.***

***Надзорен Одбор***

***25.02.2019 Штип***

***1.Александар Кангалов***

***2.Моника Николова***

***3.Васка Ѓоргова***

***4.Игор Карагунов***

***5.Златко Протогеров***